11.02.1994
Нова Македонија



Искра Димитрова: Проект „Мајка пајак“, Медисон, Јужна Дакота, САД

**МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ПРОЕКТ НА СКУЛПТОРКАТА ДИМИТРОВА ВО МЕДИСОН, САД**

# Употреба на природни материјали

**● Во Америка се чувствува суровата борба, а кај нас им се дава голема финансиска поддршка на младите уметници, вели нашата соговорничка Искра Димитрова, од Скопје**

Преку конкурсот „Артслинк“ наменет за соработка на уметници и арт-менаџери од Европа, младата скулпторка Искра Димитрова од Скопје неодамна оствари петнеделен работен престој во САД, во чии рамки, во државата Јужна Дакота, во градот Медисон, во галеријата на „Олд фајхаус“, отвори изложба на мултимедијалниот проект што таму го создаде, под наслов „Мајката пајак“.

Овој најнов проект на Димитрова има одредени сличности со претходните два кои таа во последната година ги прикажа пред домашната публика: оној во мај минатата година во Уметничката галерија во Скопје под наслов „Женско-материја-нередноќ-хаос-безобличност-непредвидливост....“ и проектот со кој учествуваше на Биеналето на младите 1993 година во Музејот на современата уметност во Скопје. Тоа се: изборот на материјали (природни), користењето женски симболи и изворна музика од фолклорни инструменти.

За овој свој проект и за впечатоците од престојот во Медисон, САД, Искра Димитрова изјавува за „Нова Македонија“:

– Можам да кажам дека мојот престој во Америка претставува големо искуство. Најдрагоцено од сè е што создадов поинаков критериум за почитување на сопствените вредности. Таму се чувствува суровата борба, а овде кај нас, сметам дека им се дава поголема финансиска поддршка на младите уметници. На пример, во Њујорк имав можност да излагам во непрофитна галерија (таму галериите се главно од профитен карактер), но на мене остава да изнајдам начин проектот да биде финансиран, вклучувајќи го тука и каталогот. А ние не знаеме да почитуваме ниту она што ни се дава овде, ни можностите, ниту во крајна линија-самите себе и меѓусебе.

Искра Димитрова(1965) дипломираше на групата филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1987 и на Факултетот за ликовни уметности, отсек скулптура, кај професорот Петар Хаџи Бошков во Скопје во 1990 година. Освен со мултимедијални проекти, се занимава и со видео. Пред погореспоменатите проекти, во“89 година има остварено видео-проект за МРТ и во 1991 година проектот „Сарансака“ на Кале.

С. Ѓ.